safejournalists.net

# Индекс на безбедноста на новинарите на Западен Балкан

Република Северна Македонија – Наративен извештај 2021

# СОДРЖИНА

ПРАВНО И ОРГАНИЗАЦИСКО ОПКРУЖУВАЊЕ

9

ПРЕВЕНЦИЈА

22

ПРОЦЕС

32

ВИСТИНСКА БЕЗБЕДНОСТ

41

# Вовед

Индексот на безбедноста на новинарите на Западен Балкан (Индекс) е алатка заснована врз истражување, дизајнирана да ги мери и следи промените во соодветното општествено и политичко опкружување на земјите од Западен Балкан што имаат директно или индиректно влијание врз безбедноста на новинарите и медиумските професионалци додека ја практикуваат својата професија. Индексот се потпира врз истражувачки податоци собрани и анализирани од партнерите на платформата SafeJournalists.net врз основа на ригорозна истражувачка процедура. Собраните податоци за различни димензии на сложениот концепт на „безбедноста на новинарите“ се квантифицирани и агрегирани во композитен индикатор – Индекс на безбедност на новинарите, за да се измерат промените во седумте земји од Западен Балкан што настанале со текот на времето. Врз основа на податоците од истражувањето, девет членови на Советодавниот панел во секоја земја[1] ја оценуваа ситуацијата и доделуваа оценки за секој од 19-те индикатори во следните димензии:

(1) **Правно и организациско опкружување** – постоење и спроведување законски заштитни мерки релевантни за безбедноста на новинарите;

(2) **Превенција** – постоење и спроведување низа превентивни мерки што имаат директни ефекти врз заштитата и безбедноста на новинарите;

(3) **Процес** – однесувањето на државните институции и јавните функционери кон новинарите и ефикасноста на казнениот и граѓанскиот правосуден систем во однос на истрагите за закани и акти на насилство врз новинари;

(4) **Вистинска безбедност** – инциденти и случаи на различни форми на закани и акти на насилство врз новинари и медиуми.

1 Советодавниот панел во Северна Македонија го сочинуваат: Адријан Керими, Дарко Дуридански, Александра Теменугова, Теофил Блажевски, Фатљуме Дервиши, Соња Колевска Делевска, Владо Апостолов, Алмедина Исмаили и Лазар Сандев.

Индексот е заеднички развиен од истражувачите на Институтот RESIS[2] со седиште во Скопје и партнерите на платформата Safejournalists.net: Независното здружение на новинарите на Србија, Здружението на новинарите од БиХ, Синдикатот на медиуми од Црна Гора, Здружението на новинарите на Македонија, Здружението на новинарите на Косово, Хрватското здружение на новинарите и независен истражувач од Албанија[3]. Оттаму, Индексот е резултат на заедничкиот напор на Платформата Safejournalists.net и ги опфаќа сите специфични прашања што локалните партнери ги утврдија како релевантни за контекстот во својата  земја.

Првата (пилот) година за развој на концептуалната рамка и методологијата за оценување, собирање и пресметување на индексот беше 2020 година. Овој извештај се однесува на состојбата во Северна Македонија во 2021 година и ги презентира подобрувањата или влошувањата на состојбата за секоја од четирите димензии, земајќи ја предвид оценката за 2020 како референтна година. Повеќе детали за теоретската рамка и за процедурата за развивање и пресметка на Индексот, како и сите извештаи за земјите од Западен Балкан може да се најдат на: (https://safejournalists.net/safety-index/).

2 Истражувачите на Институтот RESIS (www.resis.mk), Снежана Трпевска, Игор Мицевски и Љубинка Поповска Тошева ја развија концептуалната рамка за Индексот и моделот на негово оценување, пондерирање и пресметување.
3 Независен истражувач за платформата Safejournalists.net во Албанија е Блерјана Бино.

## ИНДЕКС НА БЕЗБЕДНОСТА НА НОВИНАРИТЕ




| | 2020 | 2021 | | Главни нови промени за секоја димензија |
|---|---|---|---|---|
| 1. Правно и организациско опкружување | 4,32 | 4,28 | ↓ | Најавеното усвојување измени на законите, во поглед на поголема заштита на новинарите и медиумските работници не се случи ниту во 2021 година. |
| 2. Превенција | 3,74 | 3,76 | ↑ | Не се забележани поголеми случаи на нарушување на медиумските права и слободи. Воспоставена е пракса на јавна осуда на нападите врз новинарите, меѓутоа постојат примери кога политичари и носители на јавни функции навредуваат и упатуваат закани кон новинари и медиуми. |
| 3. Процес | 3,31 | 3,31 | | Не се забележани значителни промени, Истрагите се главно бавни и неефикасни, а за одделни напади врз новинари и воопшто не се покренати обвиненија. |
| 4. Вистинска безбедност | 4,13 | 4,17 | ↑ | Бројот на физички напади и закани кон новинари е намален споредбено со минатата година, но загрижува трендот на зголемување на онлајн-заканите кон новинарки. |
| **Индекс на безбедноста на новинарите** | **3,93** | **3,95** | **↑** | |

— **РЕЗИМЕ**

### I. ПРАВНО И ОРГАНИЗАЦИСКО ОПКРУЖУВАЊЕ

- Новинарите не го оценуваат Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда како рестриктивен и бројот на предмети против новинари и медиуми е многу намален. Судовите не утврдиле одговорност на новинар во ниту една судска постапка за клевета или навреда и не пресудиле надоместок за штета за нарушен углед,

- Во 2021 година немаше промени во поглед на законските гаранции за заштита на новинарските извори и нивната примена во праксата. Законите обезбедуваат добра заштита на новинарските извори. Новинарите се чувствуваат слободни во контактирањето со изворите на информации. Сепак, сè уште е мал бројот на укажувачи што пријавуваат случаи на корупција кај надлежните институции или кај новинари, што значи дека сè

уште преовладува атмосфера на страв кај изворите, што е неповолно и за самото новинарство,

- Во 2021 година, државата сè уште не презема активности за воведување законска заштита од т.н. незасновани стратешки тужби за спречување јавно учество (SLAPP), иако е регистрирана пракса на користење такви тужби во неколку случаи,  што јасно укажува на обидот на одредени носители на моќ да извршат притисок кон новинари; забележан е и случај на загрозување на безбедноста на новинарска екипа при известување за време на протести,

- Во 2021 година немаше промени во однос на слободата на новинарите да ја вршат својата професија и да се здружуваат во професионални здруженија. Новинарската професија не подлежи на лиценцирање, иако Законот за медиуми содржи рестриктивна дефиниција на поимот новинар. Има неколку професионални здруженија, но притисоци се забележани врз новинарите главно во поглед на слободата на синдикално организирање. Сопственици или менаџери на приватни медиуми ги попречуваат (иако суптилно) новинарите да се зачленуваат во новинарскиот синдикат и да основаат синдикални организации во медиумите,

- Состојбата со работничките права и работниот статус на новинарите не беше променета во 2021 година. Ниските примања и непочитувањето на правата од работен однос се најголемите проблеми со кои се соочуваат новинарите во приватните медиуми. Во јавниот радиодифузен сервис, состојбата е нешто подобра. Новинарите се плашат да поведуваат судски постапки за мобинг или непочитување на работните права и да основаат синдикални организации во медиумите. Ретко има редакции што обезбедуваат бесплатна правна помош на новинарите кога се тужени за клевета, навреда и др.

## II. ПРЕВЕНЦИЈА

- Во текот на 2021 година немаше промена на состојбата во однос на примената на брзи и ефективни мерки за заштита на новинарите во случаи на закани и напади. Механизмот за пријавување напади од страна на новинари во МВР, односно телефонската линија за брза и ефикасна помош на новинарите во случаи на напади не функционираше ниту во 2021 година. По укинувањето на линијата, продолжи можноста за пријавување, но овојпат со онлајн-формулар на страницата на ССНМ – https://ssnm.org.mk/prijavi. Новинарите што беа мета на напади немаа каде да се обратат за непосредна помош и поддршка од институциите, освен до Секторот

за компјутерски криминал и дигитална форензика при МВР и до ЗНМ. Од регистрираните 5 напади врз новинари, само еден беше процесуиран.

- Во текот на 2021 година немаше промени во однос на достапноста на посебните мерки за физичка заштита на новинарите. Во законската регулатива постојат општи одредби според кои новинарите би можеле да бараат заштита во случај на сериозна закана по својот живот од лице што е познато, но не е доволно јасно колку таквата процедура е практично применлива. Постои постапка во законот за кривична постапка, но постапката за проценка на ризикот не е јасно дефинирана

- Во 2021 година, состојбата не беше променета во однос на пристапот на новинарките до правна помош или други мерки на поддршка во случаи на родово засновани закани, напади или дискриминација. Сè уште не беше воспоставен механизам за бесплатна правна помош за која било жртва на родово засновани напади и насилство, вклучувајќи ги и новинарките. Сите напади новинарките ги пријавуваат во МВР. До ЗНМ во 2021 година се пријавени три напади, но праксата покажува дека нивниот број е реално многу поголем. Новинарките ретко ги пријавуваат случаите на родово заснована дискриминација кај надлежните институции.

- Состојбата во 2021 година не беше променета во споредба со претходната година. Воспоставена е пракса на јавна осуда на нападите врз новинарите. Носителите на јавни функции главно се воздржуваат од вербални напади врз новинари, со исклучок на поединечни случаи кога политичари и носители на јавни функции упатиле вербални напади врз новинарите. ЗНМ во 2021 година забележа два такви примери.

- Општа оценка е дека полицијата во текот на 2021 година покажала коректно однесување кон новинарите и медиумите во различни ситуации. Се обрнува внимание обуките на полициските службеници да содржат теми поврзани со човековите права, а меѓународните стандарди се вградени во законите и кодексите според кои работи полицијата. Редовната соработка меѓу ЗНМ и МВР продолжи и во текот на 2021 година.

### III. ПРОЦЕС

- Соработката меѓу надлежните институции и во 2021 година не беше подобрена и не резултираше со нивна доволна ефикасност во откривањето на сторителите на нападите. Јавните обвинители се мошне инертни во отпочнувањето на постапките.

Кај надлежните институции не постојат посебни оддели, ниту посебно определени лица за водење на истрагите за нападите врз новинарите. Не се усвоени ниту посебни упатства што можат да помогнат за поефикасно водење на истрагите.

- Иако неказнивоста е сè уште голем проблем, постигнат е извесен напредок во 2021 година, пред сè поради брзото и ефикасно санкционирање на сериозна закана кон новинарите изречена онлајн. Останува проблемот со бавните и неефикасни истраги, а за одделни напади врз новинари и воопшто не се покренати истраги. Но, сепак, позитивно е што надлежните институции се отворени за соработка со ЗНМ и низ заедничките консултации покажуваат подготвеност да се работи на подобрување на безбедноста на новинарите и медиумските работници.

- Во текот на 2021 година има значително подобрување на заштитата на новинарите од онлајн-закани, бидејќи надлежните институции реагираа брзо и ефикасно во пронаоѓањето и санкционирањето на сторителот на сериозна онлајн-закана кон сите новинари напишана на фејсбук-страницата на ЗНМ. Сепак, ЗНМ сè уште нема добиено информација од обвинителството за тоа како постапило во врска со другите онлајн-напади врз новинари сторени во 2021 година.

- Состојбата во однос на транспарентноста на судските постапки во кои странки се новинари не е подобрена. Основниот граѓански и Основниот кривичен суд во Скопје не обезбедуваат детални информации за судските постапки за напади врз новинари што се случиле во последните години. Судовите немаат практика да ја информираат јавноста за постапките против новинари или за случаите во кои новинари се странки како мета на напади. Покрај тоа, автоматскиот информациски систем за управување со случаи (АКМИС) не дава можност за прецизно пребарување на минатите и тековните постапки во кои странките се новинари и со тоа јавноста има отежнат пристап до овие информации.

- Состојбата во однос на водењето прецизни бази со податоци не е променета во споредба со минатата година. Судовите и надлежните институции, и покрај иницијативите на ЗНМ, сè уште немаат воспоставено квалитетни статистички системи, врз основа на кои можат да доставуваат прецизни податоци за сите судски постапки во кои странка се новинари или медиуми. Базите на податоци на судовите не дозволуваат пребарување на податоците според различни критериуми.

## IV. ВИСТИНСКА БЕЗБЕДНОСТ

- Во 2021 година имаше мало подобрување во контекст на ваквиот тип напади (нефизички закани и малтретирање) кон новинарите и медиумските работници во земјава за разлика од 2020 година, кога ЗНМ регистрираше седум случаи. Регистрирани се мал број закани што не се насочени кон загрозување на физичката безбедност на новинарите. Сепак, загрижувачки е што меѓу сторителите се и полициски службеници и претставници на политички партии.

- Во 2021 година е регистрирана само една закана насочена кон загрозување на физичката безбедност или животот на новинари, што претставува подобрување во споредба со 2020 година кога ЗНМ регистрира три случаи. МВР достави известување до ЗНМ дека е поднесена кривична пријава против А.Е.(36) од с. Теарце, Тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување на сигурноста" против новинари. Одговорот на МВР во врска со овој случај е за поздравување, а следен чекор е итна проактивност од страна на Обвинителството, а потоа и судот со цел тие што ги нарушуваат правата на новинарите, да се соочат со правдата. За овој случај МВР поведе постапка кон заканувачот, но сѐ уште нема информација околу понатамошниот тек на постапката во врска со случајот. Фактот што ваквиот тип закани се упатени онлајн и најчесто се насочени кон новинарки е загрижувачки.

- Во 2021 година е регистриран еден физички напад врз новинари, за разлика од 2020 година кога имаше два такви случаи. Поконкретно, за време на демонстрации организирани од незадоволни граѓани и роднини на обвинети лица во случајот ,,Монструм", до ЗНМ стигна пријава од страна на колеги од Медиумската информативна агенција (МИА) дека имало обид да им се одземе опремата на членовите на екипата, при што снимателот бил турнат, а опремата оштетена. ЗНМ со соопштение јавно ги осуди напаѓачите.

- ЗНМ во 2021 не регистрира напади или закани кон медиуми и новинарски здруженија.

# Правно и организациско опкружување

**4,28**




1.00
2.00
3.00
4.00
5.00
6.00
7.00

Со закон, но и во пракса, апсолутно нема заштита на работната позиција на новинарите, нивните извори и нивните организации, со што се создава екстремно застрашувачки „ефект на ладење“

Со закон, но и во пракса, постои највисок степен на заштита на работната позиција на новинарите, нивните извори и нивните организации.

— ИНДИКАТОР 1.1

# Законските одредби поврзани со клеветата и нивната примена не создаваат застрашувачки ефекти врз новинарите и медиумите

**Резултат за 2020: 4,58 / Резултат за 2021: 4,58**

**Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда (ЗГОНК) како рестриктивен и бројот на предмети против новинари и медиуми е многу намален. Судовите не утврдиле одговорност на новинар во ниту една судска постапка за клевета или навреда и не пресудиле надоместок за штета за нарушени чест и углед.**

Уште од 2012 година, со донесувањето на Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда (ЗГОНК), делата клевета и навреда беа декриминализирани. Во Кривичниот законик постојат одредби за повреда на угледот на државата, на странска држава или дипломатски претставник, потоа на македонскиот народ или на заедниците. Меѓутоа, постои и одредба со која новинарот се исклучува од одговорност кога мислењето е дадено „во вршење новинарска професија, во одбрана на слободата на јавно изразување на мислата или на други права или при заштита на јавен интерес или други оправдани интереси, или со искрена намера или увереност во добронамерноста на неговото мислење." Оценка на Здружението на новинарите и на правните експерти е дека Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда (ЗГОНК) содржи одделни нејасни одредби, како и дека надоместоците за нематеријална штета се премногу високи  и можат да имаат негативен ефект врз новинарите. Затоа, во предлог-измените и дополнувањата на Законот изработени во 2020 година беа предвидени три клучни прашања: првата измена се однесува на дефинирањето на клеветата и навредата како дела што се изнесени пред трето лице, односно во јавност, според праксата на Европскиот суд за

човекови права; втората на намалувањето на износите за надомест на штета, а третата на дополнувањето на одредбите за одговорноста за клевета, во смисла дека, освен новинарот, за изнесена клевета или навреда ќе одговара и авторот на изјавата, уредникот или лицето што го заменува во средството за јавно информирање и правното лице“ (чл. 8). Со измените, одговорност ќе може да понесе и физичкото лице што е сопственик на средство за јавно информирање. Во однос на надоместот за нематеријална штета се предвидува десеткратно намалување на сумите. Според сегашните одредби, за штета предизвикана со навреда или клевета од страна на новинар е предвиден надомест од најмногу 2.000 евра, за уредник или лицето што го заменува надомест од најмногу 10.000 евра, а за правно лице – 15.000 евра (чл. 18 од ЗГОКН). Со измените на Законот, овие суми во иднина би изнесувале 200, 1.000 и 1.500 евра, соодветно. Најавеното усвојување на овие измени не се случи до крајот на 2021 година. Според добиените податоци од Основниот граѓански суд Скопје, вкупниот број активни предмети за навреда и клевета против новинари или медиуми, во 2021 година изнесувал 20. Во текот на 2021 година, ЗНМ нема регистрирано завршена судска постапка со која бил осуден некој новинар или била донесена судска одлука според која новинарот, на тужителот треба да му исплати надоместок за нематеријална штета поради повреда на угледот. Самите новинари не го оценуваат Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда како рестриктивен, бројот на предмети против новинари и медиуми е многу намален. Последните години во државата, клеветата и навредата сè помалку се користат како инструмент за притисок врз новинарите и медиумите. Во минатите неколку години не се забележани судски одлуки со кои новинари биле одговорни за клевета и кои повлекле негативен ефект врз новинарите и медиумските работници денес.

— ИНДИКАТОР 1.2

# Доверливоста на изворите на новинарите е загарантирана во законодавството и почитувана од властите

**Резултат за 2020: 4,80 / Резултат за 2021: 4,80**

**Во 2021 година немаше промени во однос на законските гаранции за заштита на новинарските извори и нивната примена во праксата. Законите обезбедуваат добра заштита на новинарските извори. Новинарите се чувствуваат слободни во контактирањето со изворите на информации. Сепак, сè уште е мал бројот на укажувачи што пријавуваат случаи на корупција кај надлежните институции или кај новинари, што значи дека сè уште преовладува атмосфера на страв кај изворите, што во крајна линија е неповолно и за самото новинарство.**

Правото на заштита на новинарскиот извор во РСМ е уставна категорија, и тоа се гарантира со Кривичниот законик, Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, Законот за медиуми и Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Понатаму, со новиот Закон за заштита на укажувачите се уредени прашањата на заштитеното пријавување, правата на укажувачите, како и постапувањето и должностите на институциите во врска со заштитеното пријавување и обезбедувањето заштита на укажувачите. Со измените на овој закон од 2018 година се изврши усогласување со меѓународните стандарди пропишани во оваа област и со него се обезбедува поголема заштита на укажувачите. Во 2021 година не е регистриран случај властите да барале од новинар да го открие изворот, ниту, пак, на санкционирање новинар поради тоа што одбил да го соопшти идентитетот на изворот на информации. Дополнително, немало случаи на пријави во ЗНМ, во врска со евентуални обиди на властите да го дознаат изворот на информации со тоа што му одзеле телефон или компјутер на новинарот. Општата оценка е дека при работењето на истражувачки текстови, новинарите се чувствуваат слободни во контактирањето со изворите на информации. Сепак, иако

— ИНДИКАТОР 1.2

новинарските извори се охрабрени и институционално се подобро заштитени, мошне мал број укажувачи пријавуваат случаи кај надлежните институции или кај новинарите, што значи дека сè уште преовладува атмосфера на страв кај новинарските извори, што во крајна линија е неповолно и за самото новинарство.

— ИНДИКАТОР 1.3

# Другите закони се спроведуваат објективно и им овозможуваат на новинарите и на другите медиумски актери да работат слободно и безбедно

**Резултат за 2020: 4,57 / Резултат за 2021: 4,37**

**Во 2021 година, државата сè уште не презема активности за воведување законска заштита од т.н. стратешки тужби против јавно учество(SLAPP тужби), иако таква пракса е регистрирана со неколку случаи, кои јасно укажуваат дека станува збор за обид на носители на моќ да извршат притисок кон новинари; забележан е и еден случај на загрозување на безбедноста на новинарска екипа при известување за време на протести.**

Во 2021 година не се забележани примери на дискриминаторна или арбитрарна примена на други закони со цел да се ограничи слободата на новинарската работа. Тоа што загрижува е зголемениот тренд на SLAPP тужби што се покренуваат против новинари во земјава. Овој вид тужби служат да се предизвика заплашување и правни трошоци или едноставно исцрпување на тужените, во случајов новинари, со цел да се демотивираат или да се откажат од јавна критика. Ваквите тужби во контекст на Советот на Европа се познати како стратешки тужби за спречување на јавно учество (SLAPP). Овие тужби, посебно кога се иницирани од политичари и од носители на јавни функции, можат да предизвикаат самоцензура кај новинарите, а со тоа да се наруши правото на информирање на граѓаните. Не беа регистрирани ниту обиди да се замолчат новинари, врз основа на арбитрарна примена на законските одредби поврзани со ширење дезинформации, страв или паника, иако за време на пандемијата имаше примери на ширење дезинформации. Во земјава не постојат законски заштитни механизми што ги штитат новинарите од т.н. SLAPP тужби. Ваквите стратешки тужби за спречување

на јавно учество имаат цел да ги заплашат и финансиски да ги исцрпат тужените новинари или медиуми. Кога се иницирани од политичари и од носители на јавни функции, овие тужби можат да предизвикаат страв и самоцензура кај новинарите, а со тоа и нарушување на правото на граѓаните да бидат информирани. Во текот на 2021 година, ЗНМ регистрираше четири вакви случаи: во првиот случај тужен беше Александар Дамовски од мкд.мк, од страна на поранешниот владин функционер Горјан Тозија. Втор случај беше кога новинарката Сашка Цветковска од ИРЛ беше тужена од страна на поранешен владин функционер, односно заменик-претседателот на Владата на РСМ, Кочо Анѓушев. Типичен пример за SLAPP тужба беше тужбата на Александар Наумовски, поранешен градоначалник, против новинарот Срѓан Стојанчов, за кој судот во Скопје донесе пресуда во корист на новинарот. Исто така, забележани се и тужбите кон новинарите Мери Јордановска и Предраг Петровиќ, кои беа тужени од страна на актуелен пратеник во Собранието и претседател на политичка партија, Димитар Апасиев. Во првата инстанца беа добиени во корист на новинарите, односно судот ги отфрли тужбите кон тужените, меѓутоа во моментот се во жалбена постапка.  Здружението на новинарите на Македонија нуди бесплатна правна помош и покривање на адвокатските трошоци за тужените новинари и медиуми. Во 2021 година е регистриран само еден случај на загрозување на безбедноста на новинарите при известување од протести. Во февруари 2021 година, екипата на Медиумската информативна агенција (МИА), која известуваше од протестот поврзан за случајот ,,Монструм“, беше нападната, а сниметелската опрема оштетена. Случаи на дискриминаторна или арбитрарна примена на други закони со цел да се ограничи слободата на новинарската работа не беа забележани во 2021 година.

— ИНДИКАТОР 1.4

# Новинарите се слободни да ја извршуваат својата професија и да основаат, да се здружуваат и да учествуваат во своите здруженија

**Резултат за 2020: 4,32 / Резултат за 2021: 4,32**

**Во 2021 година немаше промени во однос на слободата на новинарите да ја вршат својата професија и да се здружуваат во професионални здруженија. Новинарската професија не подлежи на лиценцирање, иако Законот за медиуми содржи рестриктивна дефиниција на поимот новинар. Има неколку професионални здруженија, но притисоци се забележани врз новинарите, главно во поглед на слободата на синдикално организирање. Сопственици или менаџери на приватни медиуми ги попречуваат (иако суптилно) новинарите да се зачленуваат во новинарскиот синдикат и да основаат синдикални организации во медиумите.**

Новинарската професија не подлежи на лиценцирање и во текот на 2021 година немало обиди или иницијативи да се воведе каков било облик на лиценцирање на новинарите. Како што е нагласено и во претходниот извештај за 2020 година, Законот за медиуми содржи дефиниција за поимот новинар, која е ограничувачка за слободата на новинарската работа, бидејќи со закон се определува „кој може“ да ја врши оваа професија. Во праксата, сепак, не се регистрирани примери на ограничување поединци да работат како новинари. Во 2021 година, ЗНМ нема забележано случаи во кои на новинари или медиумски работници им било оневозможено да известуваат од настани поради немање акредитација. Сепак, при промовирањето на иницијативата „Отворен Балкан“, во рамки на Економскиот форум за регионална соработка организиран од страна на владите на Северна Македонија, Србија и Албанија во јули 2021 година, на неколку новинари и медиуми им била ограничена

можноста професионално да известуваат од настанот поради организациско-технички причини и недостиг од простор. Фактот што на некои новинари не им бил обезбеден соодветен простор за известување ги ставил во нерамноправна и дискриминирана положба во однос на другите за кои тоа не било случај. Во врска со тоа, ЗНМ јавно реагираше до организаторот на настанот. Забележан е таков пример во 2021 година од страна на судот во земјава. Поконкретно, Основниот граѓански суд во Скопје, во април 2021 година ја одби тужбата за спречување на правото на информирање на граѓаните, како и за надомест на нематеријална штета за претрпен страв и душевна болка на Горан Трпеноски, кој за време на инцидентите од Собранието на РСМ на 27 април 2017 година како новинар известуваше за онлајн-медиумот САКАМДАКАЖАМ.МК (sdk.mk). Во пресудата, судот образложил дека во тоа време Трпеноски не бил новинар бидејќи работел во онлајн-медиумот САКАМДАКАЖАМ.МК, кој, според судијата, повикувајќи се на Законот за медиуми, не се смета за медиум. Дополнително, судот во оваа пресуда не го признава правото на информирање како уставна категорија, оценувајќи дека во тоа време новинарот Трпеноски бил спречен да ја информира македонската јавност за случувањата во Собранието на РСМ, а следствено на тоа нема право на штета. Оваа судска пресуда е проблематична од неколку аспекти. Прво, таа не е во согласност со праксата на Европскиот суд за човекови права, за кој е неспорно дека онлајн-медиумите се медиуми, а новинарите што работат во нив се носители на оваа професија, со тоа што судовите во државата имаат обврска да ја следат праксата на ЕСЧП. Судот со оваа пресуда не го почитува заклучокот на четирите апелациони судови во Република Северна Македонија, според кој, онлајн-медиумите, кои како странки се јавуваат пред првостепените граѓански судови, при постапки за навреда и клевета мора да имаат ист третман како и традиционалните медиуми од мај 2019 година. Овој заклучок на четирите апелациони судови треба да биде поука дека и во сите други постапки, во кои новинарите од онлајн-медиумите бараат правда пред судовите, не смеат да бидат одбиени со објаснување дека не се носители на оваа професија. Ваквите судски пресуди ја загрозуваат слободата на говорот и ја дискредитираат новинарската професија, како и улогата на медиумите во едно демократско општество. Инаку, поголемиот дел од новинарите се организирани во професионални здруженија. Најголемо и најстаро здружение е Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ), основано во 1946 година, член на Меѓународната федерација на новинари (IFJ) и на Европската федерација на новинари (EFJ). Постои и Советот за етика во медиумите, како саморегулаторно тело, во кој врз доброволна основа членуваат голем број радиодифузни, печатени и онлајн-медиуми. Во однос на заштитата на работничките права, новинарите

и медиумските работници се организирани во рамки на Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници – ССНМ, кој е самостоен и не е дел од ниту една синдикална организација на национално ниво. Постои и посебен синдикат на јавниот радиодифузен сервис, кој не е дел од ССНМ. Според претставници на ССНМ, сопствениците и менаџерите на повеќето приватни медиуми (особено некои од телевизиите на државно ниво) вршат суптилни форми на попречување на новинарите да се зачленуваат во новинарскиот синдикат или да основаат синдикални организации во рамки на нивниот медиум. Во минатото имало обиди да се оформуваат паралелни организации и здруженија што биле под политичко влијание, но не уживале кредибилитет и препознаеност од страна на еснафот.

# Работната позиција на новинарите е стабилна и заштитена на работното место

**Резултат за 2020: 3,34 / Резултат за 2021: 3,34**

**Состојбата со работничките права и работниот статус на новинарите не беше променета во 2021 година. Ниските примања и непочитувањето на правата од работен однос се најголемите проблеми со кои се соочуваат новинарите во приватните медиуми. Во јавниот радиодифузен сервис, состојбата е нешто подобра. Новинарите се плашат да поведуваат судски постапки за мобинг или непочитување на работните права и да основаат синдикални организации во медиумите. Ретко има редакции што обезбедуваат бесплатна правна помош на новинарите кога се тужени за клевета, навреда и др.**

И во 2021 година, како и во претходните години, не можат да се најдат прецизни податоци за тоа колку новинари имаат потпишани договори за работа. Општа оценка е дека многу новинари во приватните медиуми имаат, главно, договори на определено време или хонорарни договори. Продолжува трендот новинарите во приватните медиуми да работат прекувремени работни часови што не им се плаќаат, а работат без надомест и за време на празници и викенди. Реформата на јавниот сервис беше едно од клучните прашања во рамки на барањето на невладиниот сектор за спроведување сеопфатни реформи во медиумската сфера во земјава. Ова барање, пред сè, беше поврзано со зголемувањето на буџетот за овој медиум, како и со потребата да се обезбеди негова поголема независност, почнувајќи од изборот на новите членови на Програмскиот совет на Македонската радио-телевизија (МРТ). Финансирањето на МРТ беше темелно изменето во 2018 година, кога од радиодифузна такса (јавна давачка) се премина на фиксен процент од Буџетот на РСМ, со цел да се обезбеди долготрајно и стабилно финансирање. И покрај тоа, МРТ сè уште се соочува со финансиски проблеми поради задолженоста од претходните години, а и поради фактот што владата не ѝ ги исплаќаше целосно

средствата според предвидената динамика. Според пресметките на ЗНМ, МРТ во 2021 година доби најмал приход во последните три години. Од друга страна, програмските обврски на МРТ се дури и зголемени со отворањето на 24-часовен канал на албански јазик и новите тематски сервиси (детски и спортски канал). Особено загрозена категорија новинари се дописниците на МРТ, кои се помалку на број и имаат главно договори за привремен ангажман, кои можат да бидат лесно раскинати. Во ноември 2019 година беше објавен оглас за хонорарно ангажирање на десет дописници, што е напредок за МРТ, иако ЗНМ се залага за поинаков модел, со кој системски и трајно би се решила состојбата на оваа категорија новинари. Ниските примања и непочитувањето на правата од работен однос се најчестите проблеми со кои се соочува новинарската фела. Најголемиот дел од новинарите и медиумските работници добиваат плата од 15.000 до 20.000 денари, според податоците од Самостојниот синдикат на новинарите и медиумските работници (ССНМ). За време на пандемијата во 2020 година, повеќе приватни медиуми ги намалија платите на новинарите и медиумските работници, а таквото ниво на платите продолжи и во 2021 година. Голем број новинари и натаму се жалат дека сè уште не им се плаќа надоместот за пензиско и социјално осигурување. Во јавниот сервис, на сите вработени уште во октомври 2019 година им беа линеарно покачени платите во висина од 3.500 денари нето по лице, а, исто така, беше потпишан нов колективен договор, со кој се гарантира исплатата на регрес за годишен одмор. Со тоа, во извесна мера се подобрува стандардот на новинарите, медиумските работници и техничкиот кадар во МРТ, но, сепак, постои перцепција дека платите на новинарите, особено тие што не се почетници, се пониски од платите на новинарите во националните приватни телевизии. Сепак, за разлика од дел од приватните медиуми, редовноста на исплатата на платите на вработените во МРТ никогаш не била проблематична, ниту, пак, сигурноста на нивните работни места, која е загарантирана со потпишаните договори за работа. Општа оценка е дека положбата на новинарките во редакциите не се разликува многу од положбата на новинарите. Нема податоци за тоа колку новинари и новинарки имаат потпишано работни договори, но се смета дека работодавачите, генерално, кога станува збор за новинарките вработени на неодредено време, ги почитуваат основните права што им се пропишани со законот, какви што се исплатата на плати, породилното отсуство и платениот одмор. Положбата на фриленс новинарите, кои се малку на број во земјава, беше тешка и финансиски неизвесна, особено во текот на здравствената криза предизвикана од пандемијата со ковид-19. Мал број приватни медиуми имаат синдикални организации, односно кај новинарите сè уште постои страв или незаинтересираност за синдикално организирање во медиумот во кој работат. Исклучок

е јавниот радиодифузен сервис, каде што новинарите се организирани во посебен синдикат, кој не е дел на ССНМ. Не постојат колективни договори со приватните медиуми, ниту на ниво на индустрија. Новинарите се плашат да ги тужат уредниците, менаџерите или медиумските сопственици кога се прекршуваат нивните работнички права. Во 2021 година немаше ниту еден судски случај каде што новинар тужи раководно лице за мобинг, а, исто така, нема ниту правосилна пресуда за вакво дело. Новинарите во редакциите не добиваат бесплатна правна помош во ситуации кога се тужени за клевета, навреда и др. Во таквите ситуации, ЗНМ им нуди бесплатна правна помош на новинарите и обезбедува правна заштита во постапките пред судовите во земјава.

II

# Превенција

**3,76**




1.00
2.00
3.00
4.00
5.00
6.00
7.00

Не постојат институционални механизми за непосредна заштита на новинарите во случаи на закани и напади, функционери поттикнуваат напади врз новинари, а полицајци се однесуваат крајно грубо кон новинари.

Воспоставени се сите институционални механизми за непосредна заштита на новинарите во случај на напади, функционери јасно и систематски ги обесхрабруваат нападите врз новинарите, а полициските власти ги третираат новинарите со почит.

— ИНДИКАТОР 2.1

# Новинарите и медиумските актери имаат пристап до непосредни и ефективни заштитни мерки кога се изложени на закани

**Резултат за 2020: 3,34 / Резултат за 2021: 3,34**

**Во текот на 2021 година немаше промена на состојбата во поглед на постоењето брзи и ефективни мерки за заштита на новинарите во случаи на закани и напади. Механизмот за пријавување напади од страна на новинари во МВР, односно телефонската линија за брза и ефикасна помош на новинарите во случаи на напади не функционираше ниту во 2021 година. Новинарите што беа мета на напади немаа каде да се обратат на институциите за непосредна помош и поддршка, освен до Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика при МВР и до ЗНМ. Од регистрираните 5 напади врз новинари, само еден беше процесуиран.**

Во земјава, уште од 2018 година, со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници (ССНМ) воспостави телефонска линија за поддршка на новинарите и медиумските работници во соработка со Министерството за внатрешни работи. По укинувањето на линијата, продолжи можноста за пријавување со онлајн-формулар на страницата на ССНМ – https://ssnm.org.mk/prijavi. И во овој случај поддршката беше обезбедена од Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Механизмот со телефонската линија имаше за цел да им дава поддршка и совети на новинарите и на медиумските работници во случаи на уцени, закани, вербални или физички напади, онлајн-напади, родово базирано насилство, уништување личен и професионален имот и напади на редакции и домови на новинари. Бесплатната телефонска линија во 2021 година не функционираше, а пријавите за онлајн-напади врз новинари се поднесуваа до Секторот за сајбер-криминал при МВР на имејл-адресата cybercrime@moi.gov.mk за пријавување говор на омраза на интернет и напади кон новинари онлајн. Според регистарот на ЗНМ, од вкупно регистрирани 5 закани во 2021 година,

една беше упатена онлајн или преку социјалните мрежи. Откако беше пријавена до МВР, Јавното обвинителство поведе постапка, која сѐ уште е во тек. За другите напади, ЗНМ нема информација дали се поведени постапки за нивно решавање. Надлежните институции не соработуваат доволно, водат недоволно ефикасни истраги и ретко кога ги гонат сторителите на закани и напади по службена должност. Особено загрижува говорот на омраза и етикетирањето новинари и медиумски работници од страна на политичари и од други носители на јавни функции.

— ИНДИКАТОР 2.2

# Новинарите и другите медиумски актери (чии животи или физички интегритет се во реален и непосреден ризик) имаат пристап до специјални механизми за заштита/ безбедност

**Резултат за 2020: 3,42 / Резултат за 2021: 3,42**

**Во текот на 2021 година немаше промени во поглед на достапноста на посебните мерки за физичка заштита на новинарите. Во законската регулатива постојат општи одредби според кои новинарите би можеле да бараат заштита во случај на сериозна закана по својот живот од лице што е познато, но не е доволно јасно колку таквата процедура е практично применлива. Постои постапка во законот, но постапката за проценка на ризикот не е јасно дефинирана.**

Законот за кривична постапка на РСМ содржи одредби со кои во текот на истражната постапка се уредува постапувањето на правосудните органи, со цел да се оневозможи „обвинетото лице да го опструира водењето и непреченото одвивање на кривичната постапка и заштитата на жртвата“.

Од формално-правен аспект, станува збор за мерките на претпазливост уредени во членот 146 од Законот за кривична постапка, поконкретно став 1, точка 6, кој гласи „... 6) забрана за приближување или воспоставување, односно одржување контакти или врски со определени лица“, а се применува единствено кога има познат сторител на кривично дело, кога има конкретна кривична пријава и кога е почната постапка. Овие мерки на претпазливост се предлагаат од јавен обвинител, а ги определува судија на претходна

постапка по оцена на сериозноста на ситуацијата, видот на кривичното дело, опасноста за жртвата итн.

Тоа значи дека во законот е вграден генерален механизам за заштита што новинарите би можеле да го користат во случај на сериозна закана по својот живот, но тоа би било практично остварливо само доколку лицето што се заканува е познато, а не и во ситуации на непознат сторител. Други случаи во кои новинари имаат побарано физичка заштита од страна на Министерството за внатрешни работи не се регистрирани од страна на ЗНМ во текот на 2021 година.

— ИНДИКАТОР 2.3

# Новинарките имаат пристап до законски мерки и механизми за поддршка кога се соочуваат со родово засновани закани, малтретирање и насилство

**Резултат за 2020: 3,64 / Резултат за 2021: 3,64**

**Во 2021 година, состојбата не беше променета во поглед на пристапот на новинарките до правна помош или други мерки на поддршка во случаи на родово засновани закани, напади или дискриминација. Сè уште не беше воспоставен механизам за бесплатна правна помош за која било жртва на родово засновани напади и насилство, вклучувајќи ги и новинарките. Сите напади новинарките ги пријавуваат во МВР. До ЗНМ во 2021 година се пријавени три напади, но нивниот број е реално многу поголем. Новинарките ретко ги пријавуваат случаите на родово заснована дискриминација кај надлежните институции.**

Истанбулската конвенција е ратификувана во Северна Македонија во 2018 година, а нејзините одредби се вградени во Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, изготвен во текот на 2020 година, а усвоен во јануари 2021 година. Со оглед на тоа дека Законот е донесен во јануари 2021 година, таков систем на поддршка во текот на изминатава година сè уште не беше воспоставен во земјава. Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство забранува секаков вид родово-базирано насилство врз жените и гарантира основни механизми за ефективна заштита на жртвите од каков било облик на родово-базирано насилство. Исто така, овој закон содржи и обврска за институциите за воспоставување превентивни мерки за спречување и заштита од кој било вид родово-базирано насилства и за бесплатна правна помош за жртви на родово-базирано насилство. Таков посебен механизам на меѓуинституционално ниво за обезбедување правна помош на жртвите на родово засновани напади или

насилство, вклучително и на новинарки, сѐ уште не е воспоставен. Според праксата на ЗНМ, новинарките што биле жртви на вознемирување, напади или закани врз родова основа, досега тоа го  пријавуваа главно во МВР, но и во ЗНМ. До овој момент, ЗНМ не располага со информации колку пријави на новинарки биле поднесени до МВР за родово засновано насилство или закани во текот на 2021 година, но во регистарот на напади што го води ЗНМ, за 2021 година регистрирани се три пријави на новинарки. За случаи на дискриминација на новинарките на работното место, тие можат да се обратат и до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација. Меѓутоа, според сознанијата на ЗНМ, новинарките ретко ја користат таа можност, најверојатно од страв дека потоа можат да трпат последици на работното место.

— ИНДИКАТОР 2.4

# Воспоставена е практика на редовна јавна осуда за закани и напади врз новинари и медиуми

**Резултат за 2020: 3,78 / Резултат за 2021: 3,78**

**Состојбата во 2021 година не беше променета во споредба со претходната година. Воспоставена е пракса на јавна осуда на нападите врз новинарите. Носителите на јавни функции главно се воздржуваат од вербални напади врз новинари, со исклучок на одделни случаи кога политичари и носители на јавни функции упатиле вербални напади врз новинарите. ЗНМ во 2021 година забележа два такви примери.**

Во текот на 2021 година имаше повеќе примери кога избрани или именувани функционери, јасно и недвосмислено ги осудуваа нападите врз новинарите. Генерална оценка е дека постои пракса на јавна осуда на нападите кон новинарите, но има и спротивни примери што се забележани во 2021 година. Станува збор за случаи кога пратеници, владини функционери или градоначалници јавно девалвираа или омаловажуваа новинари на прес-конференции. Најизразен негативен пример на девалвирање на новинар беше тој на градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски, од ноември 2021 година. На новинарските прашања упатени до градоначалникот Јакимовски по завршувањето на првото рочиште од судската постапка во која тој е обвинет за злоупотреба на службената положба, тој ги обвини новинарите дека нивното присуство на првото рочиште било оркестрирано од страна на „еден центар“. Друг пример е однесувањето на претседателот на Државната изборна комисија (ДИК), за време на прес–конференција, за резултатите од локалните избори во 2021 година. Тој им се обратил со омаловажување на новинарите од онлајн-медиумите и наместо да одговори на поставено прашање на новинарка, влегол во вербална расправија со неа. Сепак, општа оценка е дека атмосферата во која работат новинарите воопшто, вклучувајќи ги и тие што истражуваат корупција, е далеку пoслободна. Носителите на јавни функции главно се воздржуваат од вербални напади врз новинари, освен во одделни инцидентни случаи. Во 2021 година, ЗНМ регистрираше само два

такви случаи, тоа беа со градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски, од ноември 2021 година, кога на новинарските прашања упатени до него по завршувањето на првото рочиште од судската постапка во која тој е обвинет за злоупотреба на службената положба, тој ги обвини новинарите дека нивното присуство на првото рочиште било оркестрирано од страна на „еден центар“. Вториот случај беше однесувањето на претседателот на Државната изборна комисија (ДИК), за време на прес–конференција, за резултатите од локалните избори во 2021 година. Тој им се обратил со омаловажување на новинарите од онлајн-медиумите и, наместо да одговори на поставеното прашање на новинарката, влегол во вербална расправија со неа.

— ИНДИКАТОР 2.5

# Полициските власти се сензитивни на прашањето за заштита на новинарите

**Резултат за 2020: 4,50 / Резултат за 2021: 4,61**

**Општа оценка е дека полицијата во текот на 2021 година покажала коректно однесување кон новинарите и медиумите во различни ситуации. Се обрнува внимание, обуките на полициските службеници да содржат теми поврзани со човековите права, а меѓународните стандарди се вградени во законите и кодексите според кои работи полицијата. Редовната соработка меѓу ЗНМ и МВР продолжи и во текот на 2021 година.**

Меѓународните стандарди за почитување на човековите права се вградени во Кодексот на полициската етика, Законот за полиција и други релевантни закони. Обуката на полициските службеници што се спроведува во рамки на МВР содржи и модули што се однесуваат на запознавање со основните човекови права утврдени со ратификуваните меѓународни договори и конвенции. Покрај тоа, ЗНМ и МВР заеднички спроведоа специфични обуки за запознавање на полициските службеници со улогата на новинарите во демократското општество.

Во 2021 година, поради рестрикциите поврзани со пандемијата, соработката меѓу ЗНМ и МВР при организирањето обуки се реализираше со намален интензитет. Беа одржани две обуки заедно со Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, како и со командири на полициски станици од Скопје. Во декември 2017 е потпишан Меморандум за соработка, а во декември 2019 година е воспоставен и Протокол за соработка меѓу ЗНМ и Министерството за внатрешни работи, чија главна цел е развивање, одржување и промовирање на добрите односи меѓу медиумските работници и полициските службеници. Во контекст на таа соработка, ЗНМ објави неколку прирачници, кои, освен за новинари, наменети се и за полициски службеници. Во текот на 2021 година не се регистрирани посериозни проблеми во однесувањето на полицијата кон новинарите и медиумите.

III

# Процес

3,31



— ИНДИКАТОР 3.1

# Специјализираните истражни единици и/или службеници се опремени со соодветна експертиза за истражување напади и насилство врз новинари

**Резултат за 2020: 3,29 / Резултат за 2021: 3,29**

**Соработката меѓу надлежните институции и во 2021 година не беше подобрена и не резултираше со нивна доволна ефикасност во откривањето на сторителите на нападите. Јавните обвинители се мошне инертни во отпочнувањето на постапките. Кај надлежните институции не постојат посебни оддели, ниту посебно определени лица за водење на истрагите за нападите врз новинарите. Не се усвоени ниту посебни упатства што можат да помогнат за поефикасно водење на истрагите.**

Надлежните институции сè уште немаат оформено посебни оддели или определено вработени лица одговорни за водење на истрагите и постапките поврзани со чиновите на насилство врз новинари. ЗНМ го покрена ова прашање во текот на 2020 година на средбите со претставници на Министерството за правда и Основното јавно обвинителство. Иницијативата на ЗНМ да се оформат вакви оддели и да се обучат кадри наиде на позитивен одговор, но во 2021 година, ОЈО не презеде чекори во таа насока. Во институциите не постојат ниту посебни упатства за ефикасно откривање и гонење на сторителите на нападите и заканите врз новинари. Одделни насоки во тој поглед се содржани во документите што ЗНМ ги изработи во соработка со МВР: „Прирачникот за безбедност на новинарите за време на настани со висок ризик“, „Упатството за професионално известување за насилниот екстремизам и тероризам“ и „Протоколот за информирање за случаи поврзани со насилен екстремизам и тероризам“.

Надлежните институции не соработуваат доволно и ретко кога покренуваат обвиненија кон сторителите на закани

или напади, а во случаите кога се покренати истраги, се водат бавно и неефикасно. Затоа, во комуникацијата со МВР и ОЈО, ЗНМ постојано инсистира да се зајакне соработката меѓу нив и да се отворат посебни одделенија и лица што ќе бидат обучени и чиј примарен фокус ќе биде да постапуваат по нападите и загрозувањето на безбедноста на новинарите и медиумските работници.

# Истрагите за сериозни физички напади врз новинари и други медиумски актери се спроведуваат ефикасно (независно, темелно и навремено)

**Резултат за 2020: 3,28 / Резултат за 2021: 3,32**

**Иако неказнивоста е сè уште голем проблем, постигнат е извесен напредок во 2021 година, пред сè поради брзото и ефикасно санкционирање на сериозна закана кон новинарите изречена онлајн. Останува проблемот на бавните и неефикасни истраги, а за одделни напади врз новинари воопшто не се покренати обвиненија. Но, сепак, позитивно е што надлежните институции се отворени за соработка со ЗНМ и низ заедничките консултации покажуваат подготвеност да се работи на подобрување на безбедноста на новинарите и медиумските работници.**

Во 2021 година имаше само еден напад, односно сериозна закана  кон новинари и онлајн-медиуми за што потоа беше покрената постапка од надлежните институции. За време на локалните избори, мета на напади и закани беа и три новинарки, кои ги пријавија случаите до канцеларијата на ЗНМ. За случаите со новинарките Џумадије Ибраими, Салије Садику и Ферикан Илјази Арифи поврзани со напади во текот на изборниот процес, ЗНМ поднесе претставки до МВР и до ДИК, но до денес не постои разрешница. За случајот со сериозната закана кон новинарите и онлајн-медиумите од страна на Здружението на новинарите на Македонија – ЗНМ до СВР Тетово поднесе барање за постапување по пријави за закани по безбедноста на новинарите и медиумите на социјалната мрежа Фејсбук. Станува збор за случај во кој од профилот на оваа социјална мрежа, именуван како Арбен Есати, беше објавена содржина проследена со експлицитни закани кон новинари и медиумски работници од медиумите: Без цензура, ТВ 21, Газета експрес, Тетова сот , Коха ТВ, Коха њуз, Куманова сот, ТВ Шења и Лајми

пресс.  Но, и за овој случај немаме судски епилог до денес. Неказнивоста сѐ уште е голем проблем, пред сѐ поради недоволните капацитети и соработка на надлежните институции. Од страна на полицијата, дел од нападите и заканите бргу се процесираат, но потоа постапката запира или е многу бавна кога треба да се покренат обвиненија. Мошне ретко се случува истрагата да заврши со судска одлука во која се казнуваат сторителите на закани или напади. Сторителите на нападите врз новинарите вообичаено не се гонат по службена должност, што ги принудува новинарите да покренуваат приватни тужби. Сепак, важно е да се одбележи дека во декември 2021 година беше донесена судска пресуда во корист на Здружението на новинарите на Македонија, со која беше изречена санкција за лицето што упати сериозна онлајн-закана кон сите новинари напишана на фејсбук-страницата на ЗНМ. Ова е прв пример Обвинителството и судот целосно да истражат и да санкционираат сериозно дело изречено преку онлајн-платформа кон новинари.

— ИНДИКАТОР 3.3

# Новинарите и другите медиумски актери се ефикасно заштитени од разни форми на малтретирање преку интернет

**Резултат за 2020: 3,46 / Резултат за 2021: 3,46**

**Во текот на 2021 година има значително подобрување на заштитата на новинарите од онлајн-заканите, бидејќи надлежните институции реагираа брзо и ефикасно да се пронајде и да се санкционира сторителот на сериозна онлајн-закана кон сите новинари напишана на фејсбук-страницата на ЗНМ. Сепак, ЗНМ сè уште нема добиено информација од Обвинителството за тоа како постапило во врска со другите онлајн-напади врз новинари сторени во 2021 година.**

Согласно Кривичниот законик на РСМ, онлајн-нападите врз новинарите можат да се санкционираат по две основи. Прво, според членот 394–г, ширењето содржини со 'говор на омраза' во јавноста, преку компјутерски систем, против кое било лице или група врз различни основи, вклучително и врз основа на 'личен и општествен статус', се казнува со затвор од една до пет години. Во членот не е експлицитно употребен терминот 'говор на омраза', туку поширок опис на содржини во кои спаѓаат: расистички и ксенофобичен пишан материјал, слика или друга репрезентација на идеја или теорија што помага, промовира или поттикнува омраза, дискриминација или насилство. Второ, според членот 144 став 1, секоја сериозна закана за напад врз нечиј живот или тело или животот или телото на нему блиско лице, ќе се казни со парична казна или со затвор до шест месеци. Покрај тоа, според ставот 4 на истиот член, секој што ќе упати закана по пат на информатички систем, дека ќе стори кривично дело (за кое е пропишана казна затвор од пет години или потешка казна) против кое било лице или група врз различни основи, вклучително и врз основа на „личен и општествен статус", ќе се казни со казна затвор од една до пет години. ОЈО, согласно досегашната пракса, ќе постапи по службена должност по став 4 од чл. 144 од КЗ, само

доколку постои експлицитна закана за кривично дело за кое е пропишана казна затвор над 5 години. Токму поради овие причини предложени се измени во Кривичниот законик за да се одврзат рацете на ОЈО да постапува и да гони секаков вид (онлајн и офлајн) закани кон новинари, со квалификувана форма на ова кривично дело (построги санкции за закани кон новинари). До крајот на 2021 година, овие измени на Кривичниот законик сè уште не беа усвоени во Собранието. Ретко се случуваше новинар приватно да тужи за онлајн-закана или за малтретирање, и од тие причини овие случаи најчесто останувaa нерешени и придонесуваа кон создавање клима на неказнивост. Според статистиката на ЗНМ, вкупниот број регистрирани закани во 2021 година изнесуваше 5, од кои една била упатена преку онлајн-платформи и била закана по животот на новинарите. Заканата била пријавена до Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика при МВР. На 29 декември 2021 година беше донесена судска пресуда во корист на Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) за случајот во кој од профилот со име „Сашо Митев“ е напишан коментар под објава на фејсбук-страницата на ЗНМ. Според пресудата на Основниот кривичен суд, Сашо Митев е виновен по член 394-г од Кривичниот законик и му се утврдува казна затвор од три месеци поради тоа што преку компјутерски системи „ширел расистички и ксенофобични пишани материјали што промовираат и поттикнуваат омраза и насилство .... кон група новинари, врз основа на личен и општествен статус.“ Ова е прв пример судот и обвинителството да завршат целосно постапка за онлајн-закана кон новинари.

# Истрагите за сите видови напади и насилство врз новинари и други медиумски актери се спроведуваат транспарентно

**Резултат за 2020: 3,09 / Резултат за 2021: 3,09**

**Состојбата, во поглед на транспарентноста на судските постапки во кои странки се новинари, не е подобрена. Основниот граѓански и Основниот кривичен суд во Скопје не обезбедуваат детални информации за судските постапки за напади врз новинари што се случиле во последните години. Судовите немаат практика да ја информираат јавноста за постапките против новинарите или во кои новинарите се странки што биле мета на напади. Покрај тоа, автоматскиот информациски систем за управување со случаи (АКМИС) не дава можност за прецизно пребарување на минатите и тековните процедури во кои страните се новинари и со тоа јавноста има тешкотии да пристапи до овие информации.**

Генералната перцепција е дека судовите не се доволно транспарентни во поглед на водењето на судските постапки за напади врз новинари или медиуми. Основниот граѓански и Основниот кривичен суд во Скопје не обезбедуваат детални информации за судските постапки за напади врз новинари што се случиле во минатите години.  Судовите немаат пракса да ја информираат јавноста за постапки што се водат против новинари или во кои новинарите се странки како предмет на напади или закани.  Информацискиот систем за автоматско управување со предмети (АКМИС) не дава можност за прецизно пребарување на минати и тековни постапки во кои странки се новинари и на тој начин јавноста потешко доаѓа до овие информации. Во текот на 2021 година, ЗНМ успеа од Основниот граѓански суд да добие само информација за тоа дека има вкупно дваесет активни предмети за делата клевета и навреда, во кои како странка се јавува новинар или медиум.

# Системите за собирање квалитетни статистички податоци се воспоставени од државните органи за да се спречи неказнивоста

**Резултат за 2020: 3,41 / Резултат за 2021: 3,41**

**Состојбата не е променета во споредба со минатата година. Судовите и надлежните институции, и покрај иницијативите на ЗНМ, сѐ уште немаат воспоставено квалитетни статистички системи, врз основа на кои можат да доставуваат прецизни податоци за сите судски постапки во кои странка се новинари или медиуми.  Базите на податоци на судовите не дозволуваат пребарување на податоците според различни критериуми.**

Министерството за внатрешни работи нема воспоставено регистар на статистички податоци за нападите и заканите врз новинари. Министерството за внатрешни работи досега само еднаш, во 2018 година, излезе со соопштение во кое објави статистички податоци за бројот на напади врз новинари и медиуми. Ниту Граѓанскиот, а ниту Кривичниот суд во Скопје не се во можност да дадат детални информации во врска со предметите во кои новинарите се јавуваат како странка во постапките. Нивното оправдување е дека новиот систем за водење на предметите (АКМИС) се базира на кодови, а не на имиња и на професии на странките.

# IV

# Вистинска безбедност

**4,17**




1.00
2.00
3.00
4.00
5.00
6.00
7.00

Има тешки случаи на закани и реални напади врз новинари и медиумски организации, вклучувајќи и убиства.

Нема случаи на реални напади, нема закани по животите и физичката безбедност на новинарите, ниту, пак, има нефизички закани и малтретирање на новинарите и медиумите.

— ИНДИКАТОР 4.1

# Закани и малтретирање што не се однесуваат на физичката безбедност

**Резултат за 2020: 3,91 / Резултат за 2021: 3,97**

**Во 2021 година имаше мало подобрување во контекст на ваквиот тип напади кон новинарите и медиумските работници во земјава за разлика од 2020 година, кога ЗНМ регистрира седум. Регистрирани се мал број закани, а тие не се насочени кон загрозување на физичката безбедност на новинарите. Сепак, загрижувачки е што меѓу сторителите се и полициски службеници и претставници на политички партии.**

Во 2021 година имаше мало подобрување во контекст на ваквиот тип напади кон новинарите и медиумските работници во земјава за разлика од 2020 година, кога ЗНМ регистрира седум. Трите случаи на вербален напад врз новинарките за време на локалните избори во 2021 година:

Џумадије Ибраими од ТВ Клан Македонија се соочи со вербални напади од кандидатот на Алијанса за Албанците за градоначалник во Тетово, Вулнет Мурсели.

- Ферикан Илјази Арифи од Еуроњуз Албанија – вербално нападната од страна на член на избирачки одбор и претставник од МВР при известувањето за време на локалните избори минатата година и
- Салије Садику од ТВ21 – вербален напад од страна на независниот кандидат за градоначалник на Општина Кичево, Фатмир Лимани.

— ИНДИКАТОР 4.2

# Закани против животот и физичката безбедност на новинарите

**Резултат за 2020: 3,89 / Резултат за 2021: 3,93**

**Во 2021 година е регистрирана само една закана насочена кон загрозување на физичката безбедност или животот на новинарите, што претставува подобрување во споредба со 2020 година, кога ЗНМ имаше регистрирано три случаи. МВР достави известување до ЗНМ дека е поднесена кривична пријава против А.Е. (36) од с. Теарце, Тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување на сигурноста“ против новинари. Одговорот на МВР во врска со овој случај е за поздравување, а следен чекор е итна проактивност од страна на обвинителството, а потоа и судот, со цел тие што ги прекршуваат правата на новинарите да бидат соочени со правдата. За овој случај, МВР поведе постапка кон заканувачот, но сè уште нема информација до каде е понатамошниот тек на постапката во врска со овој случај. Фактот што ваквиот тип закани се упатени онлајн и најчесто се упатени кон новинарки е загрижувачки.**

Компаративно, во 2020 година, кога ЗНМ имаше забележано вкупно три вакви напади, изминатата 2021 година забележан е само еден ваков пример. Во март 2021 година, ЗНМ регистрираше ваков тип на напад кон медиуми и закани кон група новинари од медиумите Без цензура, ТВ 21, Газета експрес, Тетова сот , Коха ТВ, Коха њуз, Куманова сот, ТВ Шења и Лајми пресс, преку фејсбук-профилот на лицето Арбен Есати, при што била објавена содржина проследена со експлицитни закани кон новинари и медиумски работници од наведените медиуми.

— ИНДИКАТОР 4.3

# Вистински напади

**Резултат за 2020: 4,18 / Резултат за 2021: 4,25**

**Во 2021 година е регистриран еден физички напади врз новинари, за разлика од 2020 година, кога имаше два вакви напади. Поконкретно, за време на демонстрации организирани од незадоволни граѓани и роднини на обвинети лица во случајот „Монструм“, до ЗНМ стигна пријава од страна на колеги од Медиумската информативна агенција (МИА) дека имало обид да им се одземе опремата на членовите на екипата, при што снимателот бил турнат, а неговата опрема оштетена. ЗНМ за ова преку соопштение јавно ги осуди напаѓачите.**

Споредбено со 2020 година, кога ЗНМ забележа два напади од ваков тип, во 2021 година забележан е само еден напад од ваков тип: ЗНМ го регистрираше нападот врз новинарската екипа на МИА при известување од протест, кога неколку лица се обиделе да ѝ ја одземат опремата на екипата. Имено, за време на протестите на група граѓани за случајот „Монструм“ на 26.2.2021 година, имало турканици и обид да им се одземе опремата на членовите на екипата, при што снимателот бил турнат, а неговата опрема оштетена.

— ИНДИКАТОР 4.4

# Закани и напади врз медиуми и новинарски здруженија

**Резултат за 2020: 4,53 / Резултат за 2021: 4,53**

**Нема промени во состојбата во споредба со претходната година. ЗНМ во 2021 не регистрираше ниту еден напад од ваков тип. Но, со оглед на тоа што нападите од претходните години не се решени, оценката останува иста и за оваа година.**

Во 2020 година, ЗНМ регистрираше два случаи на закани врз медиуми. И во двата случаи се работи за закани упатени кон медиуми поради нивната истражувачка работа на случаи на корупција или изнесени критички ставови во јавноста. По објавувањето на истражувачка сторија поврзана со градежни активности во населбата Тафталиџе во Скопје, редакцијата на ИРЛ била изложена на вербални притисоци и вознемирување; Кон новинарите и активисти на Цивил медиа, Џабир Дерала и Петрит Сарачини биле упатени закани и омаловажувања преку социјалната мрежа Фејсбук од Марјан Камиловски. Во 2021 година, ЗНМ не регистрираше нови напади од ваков тип, но поради фактот што нападите од претходните години сè уште не се решени, оценката останува иста.

Наслов
Индекс на безбедноста на новинарите на Западен Балкан
Република Северна Македонија – Наративен извештај 2021

Издавач
Здружение на новинарите на Македонија

ЗДРУЖЕНИЕ
НА НОВИНАРИТЕ
НА МАКЕДОНИЈА

Автор
Милан Спировски

Правен експерт
Иван Брешковски

Медиумски експерт
Марина Тунева

Лектор
Маја Катарова-Апостолова

Дизајн
comma.rs

Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка од страна на Европската Унија и Civil Rights Defenders. Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Здружението на новинарите на Македонија и на никаков начин не смее да биде поврзана дека ги одразува ставовите на Европската Унија и на Civil Rights Defenders.

CIVIL
RIGHTS
DEFENDERS